Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно член 68 став 5 од Судскиот деловник и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден **08.11.2021 година** го утврди следниот заклучок по правните прашања на четирите Апелациони судови Скопје, Битола, Гостивар и Штип за хармонизација на судската пракса:

**З А К Л У Ч О К**

**Одредбата од член 108 став 1 од Кривичниот законик, за почетокот на застарувањето на кривичното гонење се применува кај кривичните дела кои се сторени со умисла према дете, односно со намера пасивниот субјект – оштетениот спрема кого е сторено делото да биде дете.**

**Оддел за казниви дела**